МБА

Македонска Банкарска Асоцијација

Бр. 165/2
22.8. 2018 година
Скопје

Врз основа на член 7 од Статутот на Здружение за остварување на заеднички интереси на банките и унапредување на нивното работење МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА Скопје на седница на Собрание одржана на 22.8.2018 година ги усвои следните

# ПРАВИЛА
## за избор и обврски на референтни банки кои поставуваат котации на каматни стапки за пресметка на SKIBOR и за процесот на пресметување на SKIBOR

### I Основни одредби

Член 1

Со овие Правила се утврдува постапката за избор и обврските на референтните банки кои поставуваат котации на каматни стапки за пресметка на SKIBOR и процесот на пресметување на референтната каматна стапка SKIBOR.

Член 2

Поимите употребени во овие Правила го имаат следното значење:

**SKIBOR – Skopje Interbank Offered Rate** е референтна каматна стапка на пазарот на пари во денари и претставува меѓубанкарска каматна стапка по која една референтна банка е подготвена да продаде денарска ликвидност на друга референтна банка.

**Референтна банка** е банка која учествува во пресметувањето на SKIBOR, преку поставување на дневни котации на каматни стапки за секоја од стандардните рочности.

**SKIBOR администратор** е Македонската Банкарска Асоцијација Скопје (во натамошниот текст: администратор).

**Систем за пресметување** е електронска платформа за тргување којашто се користи од две третини од банките.

**Работен ден за плаќањата во денари** е секој ден кога Македонскиот интербанкарски платен систем (МИПС) е отворен за работа.

**II Одбор за избор и следење на референтни банки**

Член 3

Одборот за избор и следење на референтните банки (во натамошниот текст: Одбор) е независно тело, кое управува со процесот на избор на референтните банки и ги следи нивните активности поврзани со поставувањето котации за пресметка на SKIBOR.

Одборот се состои од пет члена: двајца членови од референтните банки, еден член како претставник на АЦИ Македонија - Здружение на финансиски пазари и двајца членови од останатите (нереферентни) банки. На секој состанок на Одборот задолжително треба да присуствува претставник од нереферентна банка.

Еден од членовите од референтните банки е претседател на Одборот. Членовите на Одборот треба да се директно вклучени или надлежни за работи од областа на операциите на финансиските пазари. Членовите мораат да бидат објективни во спроведувањето на активностите утврдени со овие Правила.

Мандатот на членовите на Одборот трае две години и може да се обнови уште за две години.

Изборот на членовите и на претседателот на Одборот е во надлежност на Собранието на администраторот, на предлог на банките и на АЦИ Македонија - Здружение на финансиски пазари. Секоја банка може да достави еден предлог кандидат за член на Одборот, а предлогот на АЦИ Македонија - Здружение на финансиски пазари треба да доаѓа од референтните банки.

Собранието на администраторот може да го отповика мандатот на член во Одборот во следните случаи:

- Членот е предложен од одредена банка или АЦИ Македонија - Здружение на финансиски пазари, а веќе му престанал работниот однос во истата,
- Членот достави барање за оставка од Одборот,
- Членот не присуствува на два последователни состаноци од неоправдани причини,
- Членот е предложен од референтна банка на која Одборот и го одзел статусот на референтна банка или членот е предложен од нереферентна банка која стекнала статус на референтна банка.

Доколку одреден член е отповикан од Одборот пред истекот на неговиот мандат, Собранието назначува нов член. Мандатот на членот на Одборот избран по овој основ трае до истекот на мандатот на членот на Одборот наместо кој е избран.

Членовите на Одборот, распоредот на состаноци и извештаи од одржаните состаноци се објавуваат на интернет страницата на администраторот. Објавувањето се

врши во рок од 10 дена од изборот на членовите на Одборот, односно 10 дена од одржувањето на состанокот на Одборот.

Одборот донесува интерни акти за работа, со кои се регулира начинот на извршување на задачите и одговорности, дефинирани со овие Правила.

Член 4

Заради следење на активностите на референтните банки, Одборот се состанува најмалку еднаш квартално, а по потреба и почесто. Потребно е присуство на мнозинството членови на Одборот за одржување на состанокот. Состаноците на Одборот ги закажува Претседателот на Одборот. Секој член има еден глас, а одлуките се донесуваат со просто мнозинство на гласови од присутните членови. Во случај на поделба на гласовите, гласот на Претседателот е одлучувачки.

За својата работа, Одборот составува записник со донесени заклучоци, ставови и изразени мислења.

Член 5

Одборот се грижи за спроведувањето на овие Правила и може да предлага измени за унапредување на процесот на пресметка на SKIBOR. Одборот ги има следните задачи и одговорности:

- Доставува покани до банките кои ги исполнуваат условите за стекнување статус референтна банка,
- На годишна основа следи дали референтните банки ги исполнуваат условите за продолжување на статусот референтна банка, во согласност со овие Правила и доколку не ги исполнуваат им го одзема статусот на референтна банка,
- Го откажува статусот на референтна банка, врз основа на писмено барање на референтната банка и
- На редовна основа ги следи котациите на референтните банки и објавувањето на SKIBOR.

**III Референтни банки**

Член 6

За добивање на статус на референтна банка, банката треба да исполнува најмалку еден од овие услови:

- да е активен учесник на меѓубанкарскиот пазар на пари, со просечно учество од најмалку 10% како продавач и/или купувач во остварениот промет со необезбедени депозити и репо трансакции во претходните три години, или

- просечното учество на денарските обврски на банката во вкупните денарски обврски на банкарскиот систем е најмалку 5% во последните три години, или
- да е идентификувана како системски значајна банка, во согласност со регулативата на Народната банка на Република Македонија за идентификување системски значајни банки.

Член 7

Одборот составува Листа на референтни банки, која се објавува на интернет страницата на администраторот.

Член 8

Одборот може да донесе одлука за престанување на статус на референтна банка:

- на писмено барање на референтната банка со образложение на причините;
- доколку референтната банка престане да ги исполнува условите утврдени во членот 6 од овие Правила;
- доколку 5 последователни денови не постави котација во системот за пресметување;

Одборот писмено ја известува банката за одлуката за стекнување или престанок на статус на референтна банка.

Одборот е должен писмено да го извести администраторот, при што е прецизиран датумот на стекнување или престанок на статусот на референтна банка.

Престанокот на статус на референтна банка на сопствено барање или со одлука на Одборот, не ја исклучува можноста за повторен избор на референтна банка.

Член 9

Референтните банки воспоставуваат детални интерни процедури за активностите поврзани со поставувањето на котации на каматни стапки за пресметка на SKIBOR. Интерните процедури за работа вклучуваат: овластувања на лицата коишто ги одобруваат и лицата коишто ги внесуваат дневните котации во системот за пресметување, чување на потребната документација со цел сеопфатна ревизија на процесот, како и други мерки и активности во насока на обезбедување интегритет на SKIBOR.

Дневните котации на каматните стапки за сите стандардни рочности коишто референтната банка ги внесува во системот за пресметување се утврдуваат врз основа на интерно воспоставена методологија, која е дел од интерните процедури од став 1 на овој член.

Управниот одбор на референтните банки се грижи сите вработени вклучени во процесот на поставување на котации на каматни стапки за пресметка на SKIBOR да имаат соодветно практично искуство, да се придржуваат кон највисоките етички и професионални стандарди, да не откриваат податоци за необјавените котации на местото одредено за тргување или на други јавни места и да ги заштитат необјавените котации од пристап на неовластени лица.

**IV Пресметување и објавување на SKIBOR**

Член 10

Референтните банки се должни да котираат каматни стапки за секоја од следниве стандардни рочности:

| | |
|---|---|
| -1 недела | SKIBOR 1W |
| -1 месец | SKIBOR 1M |
| -3 месеци | SKIBOR 3M |
| -6 месеци | SKIBOR 6M |
| -12 месеци | SKIBOR 12M |

Датумот на важење на SKIBOR е спот (Т+2) од денот на пресметување.

Член 11

Котациите се засноваат на стандардот actual/360 (календарски број на денови во месецот и 360 денови во годината) со примена на пропорционален метод и се прикажуваат со 2 децимални места.

Член 12

Референтните банки ги внесуваат дневните котации за потребите за пресметка на SKIBOR во системот за пресметување најдоцна до 11:00 часот. Промена на котациите од страна на референтните банки е дозволена најдоцна до 11:00 часот. Доколку некоја референтна банка нема внесено дневни котации, се продолжува времето за внес за 15 минути. Во текот на дополнителните 15 минути референтните банки можат да направат промена на внесените дневни котации.

До моментот на објавување на SKIBOR пристап до сопствените котации има само референтната банка.

Член 13

Во случај на недостапност на системот за пресметување поради технички причини во системот за пресметување или кај референтна банка, дневните котации се доставуваат преку други средства за комуникација (електронска пошта, телефон, факс или друг медиум).

Член 14

SKIBOR се пресметува како аритметичка средина од котациите за стандардните рочности и се прикажува со две децимални места.

Пресметката на SKIBOR, за секоја рочност поодделно, се врши на следниов начин:

- котациите се рангираат во растечки редослед;
- доколку котираат најмалку шест референтни банки, во пресметката се исклучуваат највисоката и најниската котација;
- доколку котираат најмалку четири, но помалку од шест референтни банки, во пресметката се вклучуваат сите котации;
- доколку котираат помалку од четири референтни банки, не се пресметува SKIBOR за тој ден, односно важечки ќе биде SKIBOR кој е формиран претходниот ден.

Член 15

SKIBOR за поединечни рочности, како и котациите на секоја референтна банка, се објавуваат на системот за пресметување најдоцна до 11:30 часот.

SKIBOR за поединечни рочности, како и котациите на секоја референтна банка, се објавуваат и на интернет страната на администраторот најдоцна до 12:00 часот, односно до 12:30 часот во случај на продолжување на времето за внес на дневните котации.

**V Преодни и завршни одредби**

Член 16

Овие Правила се објавуваат на огласната табла и/или на интернет страната на администраторот во рок од три дена од денот на нивното донесување и влегуваат во сила од денот на нивното објавување, а ќе започнат да се применуваат од 01.10.2018 година. Со денот на започнување на примена на овие Правила престануваат да важат Правилата за пресметување и објавување на меѓубанкарска каматна стапка на пазар на депозити (SKIBOR) донесени во 2007 година.

МБА

Македонска Банкарска Асоцијација

Во периодот од потпишувањето на овие Правила до започнувањето со нивна примена, се формира Одборот и се спроведува процесот на избор на референтни банки согласно со членовите 3 и 6 од овие Правила.

Коста Митровски, Претседател